ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија 6б, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 055
Централа.: 02 3289-000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

# СООПШТЕНИЕ

Во рамки на заедничкиот форум во организација на Фондот за здравственот осигурување и Министерството за здравство на Република Македонија подржано од Холандскиот грант, се одржа сесија посветена на ДСГ методологијата на која се рефлектираше работењето и соработката  на Јавните здравствени установи и Фондот во изминативе 18 месеци од воведување на ДСГ системот како начин на плаќање за стационарно лекување на акутни случаеви.

ДСГ системот е една од најдобрите реформи спроведени во здравството во  Р.Македонија, за што сведочат и другите развиени држави кои што работат на овој систем.

Со воведување на  ДСГ системот се планира постигнување на следниве цели: Изедначување на чинење на здравствени услуги, зголемување на ефикасност во користење на расположливите средства, планирање на видот и обемот на здравствените услуги, одговорност за квалитетно и економично работење на здравствените установи, обезбедување на поквалитетни здравствени услуги на осигурените лица, обезбедување на здравствена заштита според потребите на населението.

ДСГ системот исто така е една од најкорисните алатки за Јавните здравствени установи и Фондот затоа што овозможува увид во реално време за работењето и состојбата на ЈЗУ-ата преку: извештаи за анализа на сопствените трошоци, планирање и предвидување на финансиски средства-Costing tool, број на случаеви во здравствените установи, просечно траење на престој на пациентите, прегледи по дијагностички категории, увид во најбројни дијагнози и процедури во здравствените установи како и увид во најбројните дијагнози на ниво на сите здравствени установи кои го користат овој систем. Покрај ова ДСГ системот стана и алатка за креирање на здравствена политика од страна на надлежните институции и алатка за микро менаџмент на самите ЈЗУ-а.

ДСГ системот овозможи формирање на централна база на сите здравствени услуги во Р.Македонија за болничките пациенти и споредливост помеѓу болниците од аспект на : ефикасност, сложеност на здравствени услуги, распон на здравствени услуги на ниво на ЈЗУ-а, искористеност на капацитетите. ДСГ системот во практика дава мерливи параметри со кои може да се врши меѓу-државно споредување како пример просечен болнички престој по пациент  во : Македонија 6.25 денови, во Хрватска 7.5 денови, во Словенија 4,5 денови.

ДСГ системот е комплексен проект кои континуирано треба да се развива и надградува. Поради ова се изготви Акционен план со кои ДСГ системот треба да надмине и реши одредени проблеми со кои би се соочил во иднината.